# НАУЧНИТЕ МЕТОДИ КАКО КОРИСНО СРЕДСТВО ВО МАТЕМАТИКАТА

*Валентина Гоговска*

*Институт за математика, Природно-математички факултет, Скопје*

e-mail: valentinagogovska@gmail.com

За проучување на природните појави, околината и појавите во реалниот свет околу нас, човекот користи посебни средства за истражување, наречени научни методи. *Научен метод* претставува начин на согледување на такви факти кои ќе му овозможат на набљудувачот, т.е. на истражувачот, да открие општи законитости за разгледуваните објекти или појави.

При изучувањето на математиката, ученикот се поставува во слична ситуација како научникот: тој за себе за прв пат си ги „открива“ математичките вистини, сам или со помош на учителот. Затоа научните методи кои се застапени во математичките истражувања служат и како наставни методи.

Во оваа презентација ќе покажеме примери на школски задачи со решенија, во кои ќе ги посочиме местата на кои се применуваат научните методи.